МЕЃУНАРОДНО БИЕНАЛЕ ВО ВЕНЕЦИЈА

# Бродот на Мазневски пред пловидба

Tweet
Like 0 Share
27 мај 2005 - 00:00

НА ПРЕТСТОЈНОТО БИЕНАЛЕ ВО ВЕНЕЦИЈА, МАКЕДОНСКИОТ ПАВИЛЈОН ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕН ОД 11 ЈУНИ ДО 1 СЕПТЕМВРИ ВО РЕНЕСАНСНАТА ПАЛАТА ОД 15 ВЕК, SOPSI. "ИМАМЕ МНОГУ ДОБАР РЕКЛАМЕН МАТЕРИЈАЛ, ПА ВО ВЕНЕЦИЈА, НА СЕКОЈ ЧЕКОР, ПОСЕТИТЕЛИТЕ ЌЕ СЕ СОПНУВААТ И НА ИМЕТО МАКЕДОНИЈА", ИЗЈАВИ СОЊА АБАЏИЕВА

"Македонија и проектот 'Бродот на Моцарт' на Антони Мазневски на претстојното Меѓународно биенале во Венеција (12 јуни - 6 ноември) ќе имаат презентација на највисоко можно ниво. Направен е каталог над нашето ниво. Подобар не можевме ни да помислиме да направиме. Тоа е особено значајно сега кога се води светска битка против нашето уставно име", рече на вчерашната средба со новинарите, комесарот на нашето претставување на 51. издание на најголемата светска ликовна изложба во Венеција, Соња Абаџиева. Таа додаде дека ќе се искористи средбата со нашите домаќини на Биеналето - УНЕСКО РОСТЕ и другите високи гости, за да се лобира и да се разговара за употребата на нашето уставно име. "Имаме многу добар рекламен материјал, па во Венеција, на секој чекор ќе се сопнуваат на името Македонија", додаде Абаџиева. Проектот, кој чинеше 2,5 милиони денари, ја доби целосната поддршка на Министерството за култура. "Првпат немавме проблеми околу финансиите. Тие беа искористени на најдобар можен начин", вели Емил Алексиев, директорот на Музејот на современа уметност, што веќе трепат е организатор на нашето претставување во Венеција. За Антони Мазневски, како уметник кој може да се пофали дека има изложено дела во многу значајни светски

музеи, единствена сатисфакција е моралното задоволство од претставувањето на нашата земја. И тој и организаторот, не добиваат ниту денар од сето ова. "Во иднина треба да се погрижиме за откуп на уметничките дела на нашите претставници во Венеција. Или барем да се надеваме дека тие своето место ќе го најдат во некои од познатите светски музеи и галерии", вели Абаџиева. "Бродот на Моцарт", за чија изработка била потребна една година, од 11 јуни ќе биде изложен на тремот на ренесансната палата од 15 век, Палацо Sopsи, недалеку од плоштадот Сан Марко. (А. Ј.) Фото: Ѓ. ЛИЧОВСКИ



Like Share Sign Up to see what your friends like.

## Поврзани



[Фантазиите за кои копнеат не можат да се најдат ниту во најлудите соништа]



[Презадоволни сме, во Шпанија лош спот не можеш да направиш!]



[9 години бев во врска со мажена жена, еве што научив...]



[Дури сега ќе ти ја е*ам мајката!]



[Сакам на син ми да му овозможам незаборавно детство,затоа го продавам телото!]